Дневни сценарија по ликовно образование 3 одделение Јануари

<table>
<tr><th>содржини (и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови и дата на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/ надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам)</td>
<td>Забележува контурна линија на предметите во одреден простор и ја применува на цртеж.</td>
<td>1</td>
<td>Воведни активности – активирање на предзнаењата:<br>Наставникот на табла запишува четири поими, а учениците треба под секој поим да запишат на што ги асоцира, со напомена тоа да биде со ликовен јазик.
<table>
<tr><td>ТУШ</td><td>ПЕРЦЕ</td><td>ДРВЦЕ</td><td>ТЕНКА ЧЕТКА</td></tr>
<tr><td>црн, син, црвен</td><td>молив</td><td>од дрво</td><td>четка</td></tr>
<tr><td>шише</td><td>метал</td><td>тенок врв</td><td>тенок врв</td></tr>
</table>
Се запознаваат со целта. (5 минути)<br>Главна активност – искуствено учење:<br>Наставникот запишува на табла „Мојата соба“. Учениците преку бура на идеи се искажуваат за својата соба (мебел и предмети во мојата соба).<br>Кои предмети и мебел имаат слична форма? (шкафови, масички со фиоки...). Со какви видови на линии со кои ќе ги цртаме предметите: шкафови, прозорци, масички – затворени линии; кревет, биро – прави; завеси – криви линии итн.<br>Како се вика линијата која го одделува предметот од другите нешта на цртежот? (Контурна линија - Контурната линија е видливата граница на објектот или на она што се црта)<br>Со учениците се пристапува кон поставување на композицијата, распоредот на предметите и мебелот во собата.<br>Учениците избираат и користат цртачки материјали и средства: молив, дрвени боици, фломастери и цртаат на мотив „Мојата соба“ применувајќи ги ликовните елементи: контурна линија, различни видови линии, користејќи простор и големина. Наставникот објаснува дека треба да применат и комбинација на разни видови линии при цртањето. Учениците самостојно ликовно се изразуваат. (25 мин.)<br>Завршна активност – изведување аклучок:<br>Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во однос на правилната примена на цртачки средства и материјали и начинот на работа со нив. Посебен акцент се става и на разните видови линии кои</td>
<td>средства и материјали за цртање (хартија, молив, дрвени бои, фломастери). табла, маркер/креда,</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.</td>
</tr>
</table>



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | се применети. (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Која активност ви беше најинтересна? Што научивте? Какви линии се користеа при цртањето? Како се вика линијата која го одделува предметот од другите нешта на цртежот?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди) (5 минути) | | |



resursi.literatura.mk

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и дата на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| Ликовни елементи во цртањето: (контурна линија, простор-длабочина, блиску/далеку, внатрешен/ надворешен, ликовна целина, детаљ, текстура, ритам) | Користи различни видови линии во ликовна целина. | 1 | **Воведни активности – активирање на предзнаењата:**<br>Кои цртачки материјали сте ги користеле досега?<br>Учениците преку **Бура на идеи** одговараат на поставеното прашање, а одговорите се запишуваат.<br>Кои цртачки техники ги знаете?<br>Учениците преку **Бура на идеи** одговараат на поставеното прашање, а одговорите се запишуваат.<br>Учениците дискутираат за омилената цртачка техника. Се запознаваат со целта. (5 мин.)<br>**Главна активност – искуствено учење:**<br>Учениците, поделени во мали групи, добиваат задача да прочитаат дел или целина од текст кој го обработувале. Се договораат (во групата) кој дел или целина ќе го илустрираат. При тоа ќе користат комбинација од цртачки техники и материјали и ќе создадат целина. Како ликовни елементи ќе користат разни видови линии и контурна линија. Секој група добива различен дел или целина од текстот. Групите презентираат каква комбинација на цртачки техники и материјали ќе користат.<br>Пример:<br>- Цртање на контурните линии со тушеви во боја, а внатрешноста со дрвени боици.<br>- Цртање на контурните линии со фломастери, а внатрешноста и другите делови со дрвени боици.<br>- Цртање со алатките на Пеинт (Paint): молив, боја, кантичка со боја, разни 2Д-форми.<br>- Цртање со молив и сенчење на предметите.<br>Учениците цртаат на мотив „Илустрација на текст“ со молив, дрвени боици, тушеви во боја, фломастери и компјутер користејќи линија и создаваат целина (25 мин.)<br>**Завршна активност – изведување аклучок:**<br>Изложување на цртежите, разгледување и анализа на истите во | средства и материјали за цртање (туш, перце, дрвце, хартија, хартија во боја, молив, дрвени бои, фломастери,) компјутер | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците;<br>- практичната активност за време на часот (учеството во активностите);<br>- изработените ликовни творби (цртање);<br>- учеството во изработката на сопствени и заеднички творби.. |



resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | однос на комбинирањето на цртачките техники и материјали, примената на линијата и контурната линија како ликовни елементи и како е создадена целината (5 мин.)<br>**Рефлексија:**<br>Што правевме денес? Што научивте? Која активност ви беше најинтересна?... (Прашањата наставникот може да ги менува и да ги прилагоди како би добил реална слика за совладаноста на поставените стандарди). (5 мин.) | | |



resursi.literatura.mk